РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
08-6/148 од 17-07-2026

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021, 58/2024 и 124/2025), член 22 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 62 од Статутот на Архитектонскиот факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 473/2019), Наставно- научниот совет на Факултетот на 34. седница одржана на ден 16.07.2026 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за намалување на школарина за постдипломски студии по архитектура (втор циклус на студии), за студенти запишани во учебната 2026/2027 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат правото и критериумите за намалување на школарината за студентите кои се запишуваат на постдипломски студии по архитектура во учебната 2026/2027 година, а кои завршиле Додипломски студии по архитектура (прв циклус на студии) на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во учебната 2025/2026 година и кои исполнуваат еден од следниве услови:

- Студенти кои покажале највисок успех на додипломските студии (критериум за академски успех),
- Студенти од семејства со вкупни примања по член на семејството не поголеми од минималната плата во Република Северна Македонија (критериум за финансиска потреба).

Член 2

Износот на школарината за една учебна година од постдипломските студии по архитектура, за избраните студенти според критериумите опишани во член 1 на оваа Одлука, изнесува 200 евра во денарска противвредност.

Вкупниот број на студенти кои го остваруваат правото на намалена школарина не треба да биде поголем од 10% од вкупно рангираните кандидати

на конкурсот за запишување на студенти на постдипломски студии по архитектура на Архитектонски факултет - Скопје, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошен текст: Конкурсот)

Рангирањето на кандидатите пријавени на Конкурсот го врши Комисијата за запишување студенти на втор циклус студии на Архитектонски факултет во учебната 2026/2027 година (во понатамошен текст: Комисијата) според просечниот успех на додипломските студии.

Комисијата прави конечно рангирање на кандидатите според успех, при што предност имаат кандидатите што ги исполнуваат условите според критериумот за финансиска потреба, во број што не е поголем од 7% од вкупно рангираните кандидати на Конкурсот.

Член 3

Право на намалена школарина по основ на академски успех имаат сите студенти кои ги завршиле додипломските студии по архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се пријавиле на конкурсот за запишување на постдипломски студии по архитектура на Факултетот.

Право на намалена школарина по основ на финансиска потреба имаат сите студенти кои ги завршиле додипломските студии по архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и кои, при пријавувањето на Конкурсот, ги доставиле и следниве документи:

- Барањето за намалена школарина,
- Потврди за последната остварена плата на вработените членови на семејството,
- Уверение (од Управа за јавни приходи) за состојба на остварен доход за членовите на семејството кои остваруваат доход,
- За корисниците на социјална помош се доставува последно решение/потврда од центарот за социјални работи,
- За пензионираните членови на семејството се доставува документ за висина на пензија,
- Пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход,
- За родител на кој му е одземено родителското право – Пресуда од надлежен суд, или

- За починат родител – Извод од матичната книга на умрените.

Член 4

Правото на намалена школарина е во времетраење од две години согласно времетраењето на постдипломските студии по архитектура на Архитектонски факултет – Скопје.

Член 5

Уплатата на годишната школарина се врши на следниот начин: со запишување на секој семестар се уплаќа износ од 100 евра во денарска противредност.

Член 6

Студентите кои нема да запишат втора година на студии во учебната 2027/2028 година, го губат правото на намалена школарина. Доколку запишат втора година подоцна, ќе треба да ја уплатат целосната школарина утврдена со Конкурсот.

Член 7

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Декан,

Проф. д-р Анета Христова Поповска

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
Архитектонски факултет Скопје

Доставено до:

- Архива
- Продекан за настава
- Студентска служба
- Сметководство
- Човечки ресурси